СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото продолжение на Шеесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 26 март 1997 година

Скопје, март 1997 година

**62 (ШЕЕСЕТ И ВТОРА) СЕДНИЦА, I ПРОДОЛЖЕНИЕ,**

**ОДРЖАНА НА 26. III. 1997 Г.**

1. ДАВЧЕВ САНДЕ 69
2. ИВАНОВ ЉУБИСАВ 11
3. КАДРИУ ЗЕЌИР 11
4. МЕШКОВ ЉУПЧО 1, 4
5. НИКОЛОВ ЈОВАН 7
6. ПЕТКОВСКИ ТИТО (ја води седницата) 1, 2
7. ПОПОВСКИ ВЛАДО (министер за правда) 8,10,13
8. ПАВЛОВ БОРИС 16, 18
9. ПАВЛЕВСКИ СТЕФАН (реп. јавен обвинител) 16
10. РАМАДАНИ САЛИ 5, 18
11. ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛ 10
13. ШУНДОВСКИ ЈОРГО (Министер за урбанизам) 71

т.1-стр.1; т.2-стр.7
т.3-стр.16; т.4-стр.27
т.5-стр.31; т.6-стр.38а
т.7-стр.69; повлечен е;
т.8-стр.70; повлечен е;
т.9 – законот е донесен на
62 страница – 20.III. 97;
т.10-стр.71; т.11-стр.76
т.12-стр.77;

К Р А Ј   Н А   С Е Д Н И Ц А Т А !

**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Првото продолжение на Шеесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 26 март 1997 година**

Седницата се одржа во сала 1 со почеток во 13,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господин Тито Петковски, претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господа пратеници, продолжуваме со работа по Шеесет и втората седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ќенан Хасипи и Тодосие Паунов, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството на пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Минуваме на точка 1 - Верификација на мандатот на пратеникот во Собранието на Република Македонија.

Господин Мешков, деловничка интервенција.

**ЉУПЧО МЕШКОВ:**

Почитувани пратеници, излегов само процедурално, да објаснам две работи, за да не се добие погрешна претстава и да укажам на некои повреди од Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија.

Имено ние како пратеничка група кажавме дека нема да присуствуваме на Шеесет и петтата седница со тоа што рековме дека за утрешната седница ќе присуствуваме на работата на Собранието.

Бидејќи Шеесет и петтата седница претседателот ја заклучи тоа автоматски значи дека се активира нашето право да присуствуваме и да одлучуваме на седницата на Собранието.

Поаѓајќи од фактот дека по заклучувањето на седницата беше после 24,00 часот, значи тоа не е од вчерашен аспект веќе денешна седница, туку е утрешна седница, нас всушност ни е ускратено правото како пратеници од пратеничката група на Либералната партија да може да присуствуваме на седница што & спротивно на членот 26 од Деловникот во кој стои дека пратеникот има право да присуствува на седницата и членот 124 во кој стои дека има право да го образложи ставот како тој ќе гласа. Друго е прашањето што ако бевме присутни на таа седница можеби и исходот во гласањето за еднիот од законите ќе беше можеби и поинаку.

Друго е што самата седница, за која што остана гласањето од 54-та и 55-та седница не беше закажана заради тоа што ако после 24 часот ние правото си го задржавме за другата утрешна седница ние требаше да бидеме поканети званично да присуствуваме по расправата по тие точки, а тоа фактички не беше сторено со што нас ни беше ускратено правото да присуствуваме на седницата и да го дадеме образложението за тоа како ние ќе гласаме.

Инаку, самото расправање по тие точки, по тие три закони може претседателот да го направи на самата седница, да предложи работа по тие точки, но во сегашниот деловник, каков е, таков е, стои дека го има тоа право само ако се работи за итна седница, а овде мислам дека не стануваше збор за никаква итност. И, од таа причина мислам дека тоа што е сторено е сторено, но сакам да укажам дека во овој дел се повредени одредбите на Деловникот за работа на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Прво, господине Мешков вие си го земавте правото да учествувате во работата на Собранието. Изјавивте дека ја напуштате седницата на

Собранието, а дека ќе учествувате во утрешната односно денешната работа на Собранието. Според тоа,никој од Собранието тоа право не ви го одзема, да го напуштите Собранието.

Основна задача на пратеникот е да учествува во работата на Собранието. Тоа е едно.

Второ, расправата по овие три закони за кои ние гласавме ја завршивме, јас ја заклучив расправата по трите закони, значи останува-ше само чинот на гласањето. Беспредметно беше јас да го поставувам на гласање било кој од овие закони, ако однапред знаеме дека за него е потребно двотретинско мнозинство. 80 пратеници најмалку да гласаат за законите. А, ние последниве месеци немавме повеќе од 76 пратеника во салата. Значи,како јас ќе го поставам на гласање Законот кога гледаме дека немаме ниту 80 пратеника, а не потенцијални 80 пратеника што ќе гласаат за поддршка на законот. И, во две прилики замолив, имавме и една средба со координаторите на пратеничките групи, замолив да дојдат пратениците и ако можеме по овие исклучително важни закони и за доизградба на правниот систем, за гаранцијата на правата и слободите на граѓаните, еве ескалираат и некои; состојби во сферата на криминалот а имаме застарено законодавство тоа што важи уште од бившата Југославија, дека интерес и обврска на овој пратенички дом е да гласаат за тоа ново законодавство. И, молев да се собереме да имаме можност барем да ги поставиме законите на гласаше, а не дека сигурно ќе бидат изгласани односно донесени.

Според тие причини јас видов дека во салата имаше 84 пратеници. Ги замолив пратениците, собранието одлучи и по предлог на господин Алил Џафероски да гласаме бидејќи ни остана само чинот на гласање.

Според тоа не станува збор дека ви се повредени некои права тоа е и веројатно една од основните обврски на пратеникот, а и нара-

воучение за сите пратеници и пратенички групи да учествуваат во работата на Собранието до крај на сите седници.

Има збор господин Мешков.

**ЉУПЧО МЕШКОВ:**

Мислам, добар дел од тоа што го рековте вие не е спорно, затоа што ако бевме ние на седницата, сега тоа не е можеби ни многу битно, но и ние ќе гласавме за тие закони, сигурно, нема да бевме против: Меѓутоа, ние сега зборуваме за друга работа. Напуштањето на седницата е метод на политичка борба и тоа неможе никој на никого да му го оспори. Таа работа е во ред, меѓутоа ние рековме дека нема да присуствуваме на Шеесет и петтата седница, денешна, од вчерашен аспект

Шеесет и петтата седница Вие ја заклучивте, според тоа по заклучувањето на Шеесет и петтата седница требаше да најавите продолжување на Педесет и четвртата и Педесет и петата седница, а тоа се нови седници во утрешниот ден гледано од вчерашен аспект за кои ние тоа право не си го одзедовме, туку рековме за наредната утрешна седница се она што е, а утрешна е се она што е после 24,00 часот, ние не рековме оти нема да присуствуваме, ние рековме нема да присуствуваме само на 65-та седница, по таа единствена точка што беше на 65-та седница. За другото во 12,05 часот требаше да ни пратете покана и ние да дојдеме и да присуствуваме на продолжението на Педесет и четвртата и Педесет и петтата седница која вие не ја најавивте туку директно само поминавте на гласање.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро еве јас можам да се согласам со Вас, но мислам дека и Вие ќе се согласите, донесувањето на законите е интерес на ова Собрание.

Прва точка е Верификација на мандатот на пратеник во Собранието на Република Македонија.

Извештаите на Републичката (Државна) изборна комисија и на Комисијата за деловнички и мандатно - имунитетни прашања Ви се поделени односно доставени.

Отворам претрес по извештајот на Комисијата за деловнички и мандатно - имунитетни прашања.

Има збор претставникот на Комисијата за деловнички и мандатно - имунитетни прашања.

Има ли претставник од Комисијата? (Нема)

Господин Панче Минов не е тука.

Дали некој друг бара збор?

Господин Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

На господинот Наџи Пурде му ја честитам високата победа во изборната единица број 17 - Гостивар и неговите гласачи треба да знаат дека знаеле навистина за кого да гласаат.

Прво, мојата Партија за демократски просперитет на албанците, мојата Парламентарна група и ова Собрание секако со неговото доаѓање се многу и многу привилегирани. Веќе ви е познато дека за време на целото социјалистичко општествено уредување, за време на поважното едноумие тој дал голем допринос и сега веќе е меѓу нас. Секако, бар мене како слаб политичар ќе ми помогне срдачно.

Второ, со одењето на досегашниот пратеник од Изборната единица број 17 - Гостивар, господинот Руфи Османи сметам дека го делам мислењето не само на мојата парламентарна група на Партијата за

демократски просперитет на Албанците и на Народната демократска партија туку сметам дека го делам и вашето мислење прво, да му се заблагодариме за неговата многу, многу ефикасна работа, за неговото конструктивно излагање во овој Парламент и да му честитам и понатаму како градоначалник на општина Гостивар исто така, со ист успех да ја продолжи неговата работа каде и така знаете дека многу конструктивно, стриктно ги применува токму и тие закони кои беа донесени токму во ова Собрание

Една мала забелешка иако сме од различни партии, сметам дека се согласува со мене и СДСМ дека господинот Руфи Османи на некој начин со наша, можеби и моја, тука во Собранието заедничка вина на некој начин е елиминиран од овој највисок законодавен дом. Според моето мислење, а сметам дека го делам и Вашето мислење тој требаше да оди во Владата како одличен министер за финансии и буџет, како министер за стопанство и развој, па да ги водеше многу успешно дури и трите министерства, само де јуре,а еден ден да беше и претседател на Владата.

Руфи Османи ќе дојде повторно во ова Собрание и во Владата, а јас му пожелувам се најубаво. Таков кадар ни треба,и од таков човек има корист цела оваа наша, убава Македонија.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Знаете што напуштањето на парламентот е избор на господинот Руфи Османи. Сам се определи и тука ние немаме никаква вина, Собранието во тој однос.

Дали уште некој бара збор? (Нема)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучува; претресот и го ставам на гласање Извештајот и предлогот на Комисијата за деловнички и мандатно – имунитетни прашања.

Кој е за извештајот и предлогот молам да крене рака? (82 пратеника гласаа за).

Дали има некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (2)

Констатирам дека извештајот и предлогот на Комисијата за деловнички и мандатно - имунитетни прашања се усвоени и дека со тоа е извршена верификација на мандатот на пратеникот Наџи Пурде.

На господинот Наџи Пурде му го честитам изборот и му посакувам успешна работа во Собранието. (Аплауз)

Втора точка - Предлог за именување на јавни обвинители на Вишите јавни обвинителства.

Предлогот и Мислењето на Комисијата за прашања на изборите и именувањата Ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор господин Николов.

**ЈОВАН НИКОЛОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, гледајќи ја листата на предлозите за јавни обвинители, можам да забележам дека одреден принцип не е запазен затоа што има предложени јавни обвинители кои што за една година или за година ипол треба да одат во пензија и мислам дали ќе ја извршат својата функција, за која што сега се предложени, од една страна а од друга страна има конкурирано луѓе кои што се бавевте во Јавно обвинителство и признати правници, луѓе кои што биле и главни и јавни обвинители и биле министри за правда, а не се предложени.

Обврска ми е да го покренам прашањето за еден судија кој што ние сите го познаваме тој е Михајло Манев кој иако конкурирал н.е е предложен.

Дали Јавниот обвинител може околу тоа нешто да ми каже за да можам, да пристапам со својата совест и во гласањето при изборот на сите обвинители.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Поповски, министер за правда.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Господин претседателе, дами и господа пратеници, поставувањето на точките за избор на замениците на јавниот обвинител на Република Македонија, на јавните обвинители на Вишите и Основни обвинителства и на нивните заменици е исклучително важна точка и работа која што овој Парламент е неопходно да ја заврши со што ќе се потврди. Формално - правно мандатот на овој многу значаен правосуден орган и со што ќе се прекине неизвесноста на луѓето кои што работат во односниот орган, луѓето кои што се предложени за избор за да може гонењето на криминалот и успешно вршење на функцијата да се одвива од полн капацитет. Станува збор за претходната дискусија, сакав само да потенцирам дека постапката за избор на обвинители и нивни заменици се одвива во категоричнзки утврдени норми на Законот за јавното обвинителство. Имено на позитивно мислење на јавниот обвинител на Република Македонија Владата го утврдува предлогот и го доставува до Собранието на РМ, што значи дека Собранието на Република Македонија може само во рамките на Предлогот во процедурална смисла во секој случај, да се осврнува, на кандидата кои не се предложени неумесно е да се уфрлуваат на оваа седница односно во која и да е седница доколку не се на предлог листата. Што значи, предмет на опсудувањето и на определувањето на Парламентот е

утврдениот предлог на Владата врз база на позитивното мислење на јавниот обвинител. Во тој домен забелешката околу принципот до кој се држело Собранието при изборот на судиите во смисла дека сите судии кои што имаат најмногу до две години до пензионирање како принцип да бидат изоставени од изборот на судиите беше принцип кој што му сугерираше официјалниот предлагач на листата за избор на судии, а тоа е Републичкиот судски совет а тој сугериран принцип го прифати Републичкото Собрание и по него работеше. Во случајот немаме од официјалните предлагачи, во процедурата учествуваат две институции, јавниот обвинител на РМ и Владата на РМ, немаме сугреирање на ист; таков принцип.

Тоа значи дека односниот принцип не е правно императивен императивна норма, тој не постои во ниеден закон. Тој може да се усвои како политика при изборот и како принцип на изборот, во случајот тој не е напросто сугериран. БО таа смисла.

Инаку, конечно за да нема заблуда што се однесува до почитуваниот господин Михајло Манев кој што е спомнат тука,. тој во секој случај ја заслужува и завреднува секоја почит и мојата почит, но за која и да е личност и за него во случајот може да се разговара само доколку во процедурата е присутен.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:** (продолжение)

Доколку, евентуално, во идна процедура на евентуално дополнување или избор, доколку биде, тогаш ќе може комплетно секој да се осврне врз биографијата на односниот г-дин, или на кој и да е друг г-дин, кој што би бил предложен. Сега, ми се чини дека рамката која што законски процедурално е поставена, тоа е рамката на предлогот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор? Г-дин Џафероски.

**АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Комисијата за изборите и именувањата при Собранието на Република Македонија, разгледувајќи ја листата на кандидати за заменици на Републичкиот јавен обвинител, јавниот обвинители на вишите, основните јавни обвинителства, како и нивни заменици, се разбира, при разгледувањето односно на самата седница беше присутен и Републичкиот јавен обвинител. Ние дадовме поддршка на листата таква каква што беше, за кое нешто имате извештај. Но, од страна на Републичкиот јавен обвинител ни беше кажано дека на листата на заменици јавни обвинители за основното јавно обвинителство Скопје, има дваица кандидати кои најверојатно се откажале во меѓу време и тоа на број 69 на листата г-динот Сабаудин Шасивари и на број 78 г-ѓата Живка Василевска.

Јас го молам обвинителот го молам министерот или јавниот обвинител да го кажат ова з а да не би дошло до забуна при гласањето.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Иванов има збор.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:**

Јас во врска со овие избори имам едно свое размислување дека ние во голема марка деградиравме одредени луѓе кои работеле во правосудните органи близу 36,37 или 38 години и чинам дека таква опасност прети и тука сега за овие предложени заменици на јавни обвинители и не ми е сватливо што значи тоа да не се избере еден предложен човек во јавното обвинителство само затоа што треба да работи уште две години. Па, каде да работи, ако не работи таму каде што работел 38 години, 2, или 39 години. Тоа не значи дека ние го избираме него за некој мандат од четири или 8 години. Тоа значи ако исполни 40 години, автоматски оди во пензија, што денеска не е баш таков случај, а треба тој случај така да се применува. Според тоа, мислам дека треба да бидеме внимателни со луѓето. Се работи за луѓе кои дали голем придонес во оваа област. Според тоа, ме чуди некогаш многу едноставно се однесуваме и ги деградираме луѓето. Затоа има .и многу случаи. Ние имаме случаи каде што само пред неколку месеци луѓето ќе ги избереме за судии, а после тоа не ги бираме за претседатели на судовите на РМ. Некои работи тука не се убави. Некои надворешни влијанија, некои критериуми, кои се лични итн. Сметам дека треба, ако некој случај не се гласа, несе избира, тогаш треба да стане некој да каже зошто тоа не се прави. Инаку, се има впечаток сосема друг во јавноста. Нашиве седници се пренесуваат во таа јавност и тие луѓе најчесто се психички а и на секаков друг начин руирани и уништени.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Кадриу.

**ЗЕКИР КАДРИУ:**

Г-дин претседателе, дами и гсспода пратеници, јас ќе се обидам уште еднаш до го потврдиме еден факт што навистина треба да не загрижува од овие причини. Јас мислам дека и г-динот што беше спомнат

сега од страна на претседателот на Комисијата, тоа е Сабаудин Шасивари, сигурно има причина зошто не прифати да го односно да дојде на таа функција и да биде избран. Уште една друга причина што мене и нашата Пратеничка група не загрижува е и фактот дека, ако ја гледаме целокупната листа на сите овие предложени кандидати сигурно дека секој од нас забележал и видел дека нешто не е во ред. Целокупниот број на сите овие што треба а се изберат почнувајќи од предлогот на именување на јавни обвинители на вишите јавни обвинителства, после за предлог за јавни обвинители на основни јавни обвинителства, почнувајќи по тоа на јавни обвинители на Република Македонија и до крај на тие заменици на виши јавни обвинители, гледаме дека од целокупниот број што по моите статистики што ги гледав таму од целокупниот број што треба да бидат избирани тука е 167 или 168 само 15 се албанци и еден тручин. За другите националности вкупно мислам дека се вкупно 152 сите. Дали сега треба да замислиме уште еден чекор во тој поглед да правиме и да не ги девалвираме луѓето што имаат искуство. На пример, конкретно ќе зборувам за Тетово. Имено, во Тетово од 20 што беа кандидати, сериозни кандидати со едно долго искуство еден дел од нив не се земени во предвид, не се предложени за да се изберат. А да не кажам, бидејќи во една претходна седница, колку што јас се сеќавам министерот тука се заложи дека еден мал број е на тие луѓе што имаат квалификации за одредена должност.

Јас мислам дека уште еден напор во тој поглед треба да направиме, бидејќи јас колку што знам само во новоформирана сега префектура да кажам во село Шипковица само во еден тесен круг имаме околу 15 луѓе што имаат повеќе од 5, 10, некои од нив па и магистри на науки се, само заради тоа што не можеле да се придобијат и доближат до овие должности, важни должности, тие не се земени предвид и само заради тоа што за некого не се познати.

Заради тоа треба и Министерството и другите надлежни да го имаат ова предвид и да видат дека најсериозно оваа бројка е симболична и треба во овој поглед да прават чекори.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Поповски, министер за правда.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Јас се надевам дека уште ова општо појаснување има потреба да го дадам, а подоцна да не се вклучува во дискусиите кога станува збор, особено, за одредени кандидати. Појаснението се решив да го насочам кон основните критериуми и политиката при утврдувањето на листата од кои практично Владата тргна. Имено, два основни критериуми беа земени предвид, стручноста и угледот на лицето во средината. Што значи не беа присутни никакви други критериуми кои што би означувале на каков и да не протекционизам. Со оглед на значењето на функцијата, со оглед на карактерот на надлежностите и со оглед на позицијата на органот- јавно обвинителство во Република Македонија. Во таа смисла, се разбира и овој орган од правосудната област, како и судството треба да биде и еден исказ и на структурата на самото општество за да се укаже и потврди до максимална можна мерка при запазувањето на истите критериуми на деморкатичноста и отвореноста на институциите за кандидати со нужните услови за сите функции, во случајот и за јавните обвинители.

Од тие причини сакам да укажам дека беше особено водено сметка за вклучување на кандидати за обвинители и заменици јавни обвинители од националностите, со оглед на неповолната состојба во структурата на правосудните органи и на овој орган во таа смисла. За судовите тоа го решававме како што самите тоа го знаете и постигнати се видливи резултати.

Од вкупно 509 кандидати, кои што конкурирале за јавни обвинители и заменици јавни обвинители само 22 кандидати конкурирале од албанската националност. Што значи, тоа е бројката која што самата се

пријавила на конкурсот или огласот за избор на јавни обвинители и тоа е таа бројка која што можела воопшто да биде земена во процедура. Се разбира дека чинот на конкурирањето на огласот е чин на непосредна, лична и слободна одлука. Тргнувајќи од тој момент, да укажам дека во предлогот на јавниот обвинител и во утврдениот предлог од страна на Владата се утврдени 16 кандидати од албанската националност, при што еден од кандидатите, повторно сам, писмено го информира министерството за правда Сабахудин Шасивари дека се откажува од натамошната процедура, од причини кои што нему му се чинеле за релевантни.

Процентуално изразено 68% од тие што конкурирале се во кандидатската листа. Има одредени поединци кои што по прв пат работат во јавните обвинителства, а се предложени за вишо јавно обвинителство, меѓутоа, во тие случаи показателите на нивната дотогашна работа и елементите на нивната стручна манифестирана во другите области дава за основа да се смета дека тие со успех ќе ја вршат и таа функција, иако по прв пат влегуваат директно во вишото јавно обвинителство, што значи една гаранција на стручноста има и во односните случаи.

Другите кандидати по однос на бројот се застапени со 31%. Значи, некаде е една стапка од повеќе од 100% повеќе се застапени кандидатите од одредена националност. Тоа е илустрација на односот на субјектите кои што вршат предлагање на кандидатите на обвинителот на Република Македонија, кој што создава база определувањето на Владата и на Владата во утврдувањето на самиот предлог. Од сето кажано досега, што значи и дека се водело сметка апсолутно за најрелевантните критериуми при изборот на ова важно тело, угледот и стручноста и за соодветната застапеност во смисла на она што е максимално можно при постоење на стручни и дополнителните критериуми да се вклопи во оваа листа. А, која просто тоа е вкупната маса.

Илузорно би било да пресретнам евентуално одредени приговори да се смета дека сите до еден што ќе се пријават од која и да е националност дека сите заслужуваат да бидат избрани. Таква претпоставка е сама по себе неодржлива.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот .

Преминуваме на гласање.

Предлогот Роксанда Крстевска да биде именувана за јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство во Скопје го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (78)

Дали ма некој против? (Не)

Дали има некој воздржан? (Не)

Констатирам дека Роксанда-Крстевска е именувана за јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство во Скопје.

Предлогот м-р Драган Трпковски да биде именуван за јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство во Битола го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

79 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека м-г Драган Трпковски е именуван за јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство во Битола.

Предлогот Тодор Витларов да биде именуван за јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство во Штип го ставам на гласање. Кој е за, молам да крене рака?

81 пратеник гласа за.

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање ? (Не).

Констатирам дека Тодор Витларов е именуван за јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство во Штип.

На именуваните јавни обвинители, на вишите јавни обвинителства им го честитам именувањето и им посакувам успешна работа.

Минуваме на точката 3.

Предлог за именување на јавни обвинители на основните јавни обвинителства.

Предлогот и мислењето на Комисијата за прашање на изборите и именувањата Ви се доставени.

Отворам претрес.
Молам, кој бара збор?
Г-дин Борис Павлов.

**БОРИС ПАВЛОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги. Јас сакам да упатам едно прашање до Министерот за правда или јавниот обвинител.- Имено, се однесува за основното јавно обвинителство, во Струмица. Имаше распишано конкурс,има конкурирано кандидат, знам дека беше единствен кандидат, меѓутоа, предлог за јавен обвинител нема. Тоа прашање го поставувам од мое име и од име на колегите пртеници од Струмица. Мислам дека знаете не би сакал да зборувам за значењето на таа функција и ценам дека не би било ред Струмица да остане без јавен обвинител. Би сакал да знам кои се причините што дотичниот кандидат не е предложен на денешната седница да биде избран.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави г-дин Павлевски, Републички јавен обвинител.

**ПАВЛЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, во Струмица нема да има обвинител, бидејќи според оние критериуми кои што претходно Министерот за правда ги кажа, колегата кој што се јави за јавен обвинител не ги исполнуваше, а тоа беше анализирано и беше предмет

на разгледување еден подолг период. Мислам дека треба да се прифати сугестијата на министерот за правда конкретно за личности да не објаснуваме.

Мислам дека непријатно ќе биде и за тој човек. Со тоа што во еден нов оглас, доколку тој колега се јави повторно на тоа место неговите можности за да биде повторно именуван не се затворени, туку повторно ќе бидат анализирани.

Инаку, причините, зошто тој не е предложен се конкретно и произлегуваат од едни конкретни сознанија кои што овде мислам дека не треба да се спомнуваат.

За уште едно појаснување не е само обвинителот во Струмица во овој момент обвинител што не е предложен, има и други места исто така раководени од начелата на стручност, углед во околината каде што работи и каде што живее, носителот на оваа функција.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Борис Павлов.

**БОРИС ПАВЛОВ:**

Прашањето не ми беше да ја анализираме личноста. Да Ви кажам искрено, јас го уважувам мислењето на јавниот обвинител, штом во наредниот конкурс кога ќе биде објавен ќе биде земен предвид и дотичната личност, јас прифаќам понатаму , какво ќе биде решението, ќе се види на наредната седница на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? Има збор г-динот Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Бидејќи овие точки се доста слични и да не излегувам пет пати, само да кажам таму каде повеќе ме тангира некако.

Нормално, така и поминаа овие трите обвинителства, вишите, и знаете сами дека илузорно би било да биде обвинител на било кое од овие јавни обвинителства од Скопје, Битола и Штип албанец, тоа не смее никако изгледа. Меѓутоа, што се однесува до основните јавни обвинителства, ние кога избравме, односно избравте Вие во ова Собрание и судии од сите нивоа, основните и апелационите, и нивните заменици беше речено тоа и за прв пат можеби со другарот г-дин Поповски се согласувам денеска во една точка дека тој самиот предлагач не може да створи кадри, да дава поголема бројка, туку колку што конкурирале,но да биде тоа точно. Меѓутоа, сепак постои една лоша кадровска политика,

а и ако има од албанците да речеме за обвинители во основните обвинителства, секако луѓето немаат некако доверба, а не воопшто во државата, далеку од тоа, туку дека ќе можат да конкурираат, дека успешно ќе заврши нивното барање и т.н.

Сепак, една мала забелешка, од 20 обвинители на основните јавни обвинителства навистина сепак не е фер, не е добро, не е убаво, не е добра етика за оваа Република да бидат и во тие основни обвинителства, каде има таков кадар, од 20 18 македонци, само 2 албанци. И кога сме тука кај овие двајца албанци, значи веќе во Гостивар и во Дебар, па еве да не кажеме како опозиција секогаш критики, овој од Дебар, иако јас сум од Кичево Бесник Граждани тука и предлагачот, а сметам дека нема да погреши и Собранието ако бира за јавен обвинител еден таков искусен човек, одличен правник, прво одличен човек, кој доста го ценат во Дебар и јас обично ќе гласам и сум гласал само. За тие кандидати, обично за судиите, обвинители и нивните заменици само кога ги познавам. Навистина морам да апстинирам или вака да не учествувам воопшто во гласањето. Не можам на памет, мојата етика тоа не ми го дозволува. Се најубаво за тие предлагачи, но мене тоа ми е вообичаено во мојот живот. Значи, за Бесник Граждани ќе гласам, додека иако е албанец од Гостивар Акиф Османи, можеби е уште подобар од него, нека гласаат тие кои го познаваат, јас сум ни за ни против. Еве, така е тоа кај мене.

Уште еден човек познавам од овие заменици на вишите обвинителства, значи на Скопје Касам Хасани, магистер е на правни науки, бил на неколку должности, знам дека во тие тешки времиња многу успешно ја обавува работата дури и во Покраинскиот секретаријат за внатрешни работи кога беше претседател, односно секретар Гевдет Хамза,еве така исто ќе гласам афирмативно и тоа само поради мојата

службена должност, мојата функција која ја имам во Парламентот, а не по некои приватни причини.

Или понатаму за заменици на јавните обвинителства, да не излегувам уште еднаш, значи од 111, 102 македонци, само 8 албанци и еден по презимето сметам дека е турчин но н езнам, можеби е албанец и тој, значи и тоа не е врет или се на се од 148 веќе предложени кандидати, 153 македонци, 14 албанци и 1 случајно ако е турчин. Значи само за овие работи мислам дека нешто не е вред. Во иднина нешто треба да се преземе затоа што се сеќавате неодамна имавме на дневен ред точка за унапредување на меѓуетничките односи. Каде е Вашата Декларација која ја усвоивте тука, а каде е нашиот предлог заклучок кој не беше усвоен. Ова е точно, ова е вистината , за овој Парламент и за оваа држава.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи не бара збор, го заклучувам претресот и преминуваме на гласање.

Предлогот Георги Настевски да биде именуван за јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Скопје го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

74 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Горѓи Настевски е именуван за јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Скопје.

Предлогот Борис Милосавлески да биде именуван за јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Тетово го ставам на гласање

Кој е за, молам да крене рака?

76 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Борис Милосавлевски е именуван за јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Тетово.

Предлогот Петре Трајков да биде именуван за јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Кавадарци го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

79 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Петре Трајков е именуван за јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Кавадарци.

Предлогот Јован Димов да биде именуван за јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Велес го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

80 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Јован Димов е именуван за јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Велес.

Предлогот Радомир Каревски да биде именуван н за јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Куманово го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

81 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Радомир Каревски е именуван за јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Куманово.

Предлогот Акиф Османи да биде именуван за јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Гостивар го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

81 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Акиф Османи е именуван за јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Гостивар.

Предлогот Бесник Граждани да биде именуван за јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Дебар го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

81 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Бесник Граждани е именуван за јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Дебар.

Предлогот Ѓеорѓи Бардаров да биде именуван за јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Гевгелија го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

81 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Георѓи Бардаров е именуван за јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Гевгелија

Предлогот Панде Пејовски да биде именуван за јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Битола го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

81 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Панде Пејовски е именуван за јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Битола.

Предлогот Гоце Башевски да биде именуван за јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Ресен го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

80 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Гоце Башевски х е именуван за јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Ресен.

Предлогот Драгољуб Куциновски да биде именуван за јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Струга го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

78 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Драгољуб Куциновски е именуван за јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Струга.

Предлогот Љубомир Богевски да биде именуван за јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Кичево го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

24 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува гласање? ( 46 пратеници)

Констатирам дека Љубомир Богевски не е именуван за јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Кичево.

Предлогот Гоце Мартиновскида биде именуван за јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Охрид го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

81 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Гоце Мартиновски е именуван за јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Охрид.

